29 декември, 2025 година

АРХИВСКИ БРОЈ: 33 – 15015/1

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на член 42 став (2) од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24 и 160/25), донесе

**РЕШЕНИЕ**
***за утврдување на цена на државна дозвола за рекреативен риболов за 2026 година***

1. Цената на државната дозвола за рекреативен риболов за 2026 година изнесува 9.000,00 денари.

2. Цената на државната дозвола за рекреативен риболов за 2026 година за инвалидни лица изнесува 4.500,00 денари.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 42 став (2) од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24 и 160/25) цената за издавање на државната дозвола за рекреативен риболов е во висина од најмалку една петина од просечната нето-плата исплатена во предходната година. Согласно објавените податоците на Државниот завод за статистика, исплатената просечна нето плата по месеци во 2025 година (период јануари – октомври) изнесува 44.958,00 денари. Една петина од просечната плата изнесува 8.992.00 денари. Врз основа на ваквата пресметка, се утврдува цената на државната дозвола за 2026 година да изнесува 9.000,00 денари.

Цената на државната дозвола за инвалидни лица изнесува 4.500,00 денари, односно 50% од утврдената цена на дозволата за 2026 година.

Дозволата се издава по поднесено барање за издавање државна дозвола во чиј прилог се доставува доказ за извршена уплата на средства од 6.300,00 денари во Буџетот на РСМ, што претставува 70% од утврдената цена на државната дозвола и доказ за извршена уплата на средства од 2.700,00 денари на сметка на корисниците на рибите за организирање рекреативен риболов на подрачјето на општината каде што живее сопственикот на


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

дозволата, што претставува 30% од утврдената цена на дозволата, како и фотокопија од важечка легитимација за рекреативен риболов за 2026 година издадена на име на лицето – сопственик на дозволата. Инвалидните лица кон барањето доставуваат доказ за уплата на средства од 3.150,00 денари во Буџетот на РСМ и доказ за извршена уплата на средства од 1.350,00 денари на сметка на корисниците на рибите за организирање рекреативен риболов на подрачјето на општината каде што живее сопственикот на дозволата.

Правна поука: Против ова решение може да се поведе спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила.

МИНИСТЕР,

Цветан Трипуновски

Изработил: Ивана Димитровска
Контролирал: Игор Бојаџиевски
Согласен: Васе Симовска Бошкова


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ДАТУМ НА ВАЛУТА

НАЛОГ ЗА ПРЕНОС

## НАЛОГОДАВАЧ

**НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧОТ**

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ЛИЦЕ (СУБЈЕКТ) КОЕ УПЛАЌА

**ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ**

**БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ**

**ЦЕЛ НА ДОЗНАКА**

НАДОМЕСТ ЗА ДРЖАВНА ДОЗВОЛА ЗА ЛИЦЕ - БАРАТЕЛ

**ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ(ЗАДОЛЖУВАЊЕ)**

**ПОТПИС**

## ПРИМАЧ

**НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧОТ**

РИБОЛОВНО ЗДРУЖЕНИЕ - КОРИСНИК НА РИБИ

**ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА НА ПРИМАЧОТ**

**БАНКА НА ПРИМАЧОТ**

**ИЗНОС**

| МКД | 2.700,00 |
|---|---|

**ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ(ОДОБРУВАЊЕ)**

**ШИФРА**

**НАЧИН**

ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ

**МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ**

***КОПИЈА***
***образец ПП30***

**НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

ДАТУМ НА ВАЛУТА

## НАЛОГОДАВАЧ

**НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА НАЛОГОДАВАЧОТ**

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ (НАЗИВ)
НА ЛИЦЕ (СУБЈЕКТ) - КОЈ УПЛАЌА

**БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ**

**ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА**

**ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ**

**ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ**

НАДОМЕСТ ЗА ДРЖАВНА ДОЗ-
ВОЛА ЗА ЛИЦЕТО - БАРАТЕЛ К

**ПОТПИС**

## ПРИМАЧ

**НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИМАЧОТ**

БУЏЕТ НА РСМ

**БАНКА НА ПРИМАЧОТ**

НАРОДНА БАНКА

**ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА**

1000 000 000 630 95

**ИЗНОС**

МКД 6.300,00

УПЛАТНА СМЕТКА

840 | | 06420

СМЕТКА НА КОРИСНИК

ПРИХОД И ШИФРА И ПРОГРАМА

733122 00

НАЧИН

**ДАТУМ НА УПЛАТА** **МЕСТО НА УПЛАТА**

*образец ПП50*

До
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ул. Ленинова бр.2
1000 Скопје

Предмет: ***Барање за издавање на државна дозвола***

Врз основа на Член 43, став (1) и член (3) од Законот за рибарство и аквакултура (“Службен весник на Република Северна Македонија” број 64/24 и 160/25) и Решението за утврдување на цена на државна дозвола за рекреативен риболов за 2026 година број 33-15015/1 од 29.12.2025 година, поднесувам барање за издавање на државна дозвола за 2026 година.

Државната дозвола да се издаде на:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Име и презиме | |
| 2. | Риболовно здружение | |
| 2 | Адреса на живеење | |
| 3 | Број на легитимација за рекреативен риболов | |
| 4 | Контакт телефон | |

Кон барањето ги доставувам бараните докази:

1. Доказ (уплатница) за извршена уплата во Буџет на РСМ;
2. Доказ (уплатница) за извршена уплата на сметка на корисникот __________________ на подрачјето на општината каде што живеам и
3. Доказ за поседување на важечка легитимација за рекреативен риболов за 2026 година (фотокопија од легитимацијата од двете страни).

ПОДНОСИТЕЛ,

_____________________________
(име и презиме)

_____________________________
(Потпис)